РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 05-09.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2268/10 | | |

Архивски знак: 0707
Рок на чување: трајно
05.09.2012 год. Потпис,

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08, 167/10 и 51/11) и врз основа на член 22 став 1 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12), како и Наставниот план за спортска гимназија (паралелки за фудбал, кошарка, ракомет и тенис) 11-1858/2 од 09.04.2012 година – експеримент за воведување на нови облици и содржини на воспитно-образовната работа, министерот за образование и наука ја донесе наставната програма за наставниот предмет *теоретски основи на тенисот* за прва година за спортската гимназија (паралелка за тенис).

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ТЕНИС

I ГОДИНА

СПОРТСКА ГИМНАЗИЈА

Скопје, 2012

## 1. ВОВЕД

Теоретските основи на тенисот претставува вовед во изучувањето на тениската игра како сложен индивидуален спорт. Предметот ги покрива базичните информации за: историјата и развојот на тенисот, правилата на игра, факторите од кои зависи успехот во тениската игра, како и техниката и тактиката на играта.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА

**Ученикот/ученичката:**

- да стекне потребни знаења за појавата и развојот на тенисот како спорт,
- да ја осознае еволуцијата на играта во контекс на сегашноста и иднината,
- да се запознае со правилата на тениската игра,
- да се запознае со факторите од кои зависи успехот на тениската игра,
- да се запознае со техниката и тактиката на играта,
- да развива позитивни ставови кон тениската игра,
- да развива психосоцијални и интерперсонални комуникациски способности
- да равива вештини за позитивно емоционално изразување.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

**1. ПОЈАВА И ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ТЕНИСОТ** (5 часа)

| *Цели* | *Содржини* | *Поими* | *Активности и методи* |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со појавата и развојот на тенисот како спорт;<br>- да ги препознава, именува и дефинира појмови поврзани со појавата на тенисот;<br>- да се разбере еволуцијата во контекс на сегашноста и иднината; | - појава и развојот на тенисот во Европа и светот<br>- појава и развој на тенисот во поранешните Југословенски простори<br>- појава и развој на тенисот во Македонија<br>- Модерен тенис - развој на тенисот како олимписки спорт, | - Gioco del palone (игра со дланка)<br>-Jeu de la paume (игра со дланката)<br>-Tennis royal (кралски тенис)<br>-Real tennis (вистински тенис) | - објаснување и дефинирање на појавата и развојот на тенисот;<br>- низ разговори и дискусии учениците се поттикнуваат на расудување за различни прашања и проблеми за развојот на тенисот во иднина;<br>- објаснување со примери, слики, видео презентации, историски податоци за евулутивниот развој на тениската игра;<br>- изготвување на мини –проекти; |

**2. ПРАВИЛА НА ТЕНИСКАТА ИГРА** (7 часа)

| *Цели* | *Содржини* | *Поими* | *Активности и методи* |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со официјалните ИТФ правила;<br>- да ги објаснува општите правила на играчите;<br>- да се запознае со организацијата на натпревари;<br>- да се запознае со водењето записник;<br>- да се запознае со основните судиски правила; | -официјални ИТФ правила на игра,<br>- општи правила за играчите,<br>- организирање на натпревар,<br>- водење на записник,<br>- судење, | ас<br>двојна сервис грешка,<br>нец,<br>гем,<br>сет меч,<br>tie-breeak, deuce,<br>advantage, | - објаснување на поимите;<br>- низ разговори и дискусии учениците се поттикнуваат да размислуваат за правилата на играта;<br>- преку одбрани примери се води разговор за организирање на натпревари, водење на записник и судење и улогата на помошните судии (запизничка маса) ;<br>- Прикажување на скици, слики и видео презентации;<br>- проектна задача (водење на запсиник и семафор); |

| 3. ТЕНИСКИ ТЕРЕНИ И РЕКВИЗИТИ (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| *Цели* | *Содржини* | *Поими* | *Активности и методи* |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги запознае димензиите на тениските терени и да разликува видови на тениски терени<br>- да се запознае со основните реквизити на тениската игра и со основната облека и обувки за игра | - тениски терен и видови на тениски теремни<br>- реквизити (облека и обувки) | -земјен, тревен, бетонски, асфалтен,<br>-рекет (глава, врат , дршка), шпан, | - преку одбрани примери се води разговор за организирање на учениците и изведување на терен за запознавање со тениските терени и реквизити<br>- презентација, дискусија, разговор<br>проектна активност |

| 5. ТЕХНИЧКО-ТАКТИЧКИ ОСНОВИ НА ТЕНИСКАТА ИГРА (15 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| *Цели* | *Содржини* | *Поими* | *Активности и методи* |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги запознава основните технички елементи од тенисот;<br>- да ја објасни техниката на изведба на основните елементи;<br>- да ги разбере основните правила на играта;<br>- да ги запознае стратешките зони на теренот;<br>- да ја разбере тактиката на надмудрување на противникот во тениската игра;<br>- да ја разбере тактиката на игра во двојки | - основни технички елементи (став, држење на рекет, движење-раце нозе, удар на топка),<br>- техника на изведба на основни елементи( удари, сервирање),<br>- основни правила на тенисот,<br>- стратешки зони на терен,<br>- тактика за напад и одбрана,<br>- тактика на надмудрување на противникот во игра,<br>- тактика на игра во двојки, | - стратешки зони<br>- пласирање<br>- антиципира<br>- промена на темпо<br>- континентален и полуконтинентален зафат<br>- пресек на грипот<br>- форхенд, бекхенд, волеј, сервис, смеч,<br>- лоб, полуволеј, дроп (скратена топка) (рамен, слајс, спин) | - објаснување и дефинирање на основните технички елемети во тенисот;<br>- објаснување на методите и средствата за совладување на техничките елементи;<br>прикажување на скици, слики и видео презентации.;<br>- преку наведување на примери објаснување на основните правил;,<br>- стратешки зони, подготовки за напад и тактички надмудрувања во тениската игра<br>- низ разговори и дискусии учениците се поттикнуваат на расудување за различни прашања и проблеми поврзани со техниката и тактиката во тенисот;<br>- |

| 6. ФАКТОРИ ОД КОЈ ЗАВИСИ УСЕХОТ ВО ТЕНИСОТ (ЕНДОГЕНИ И ЕГЗОГЕНИ) (5часа) | | | |
|---|---|---|---|
| *Цели* | *Содржини* | *Поими* | *Активности и методи* |
| Ученикот/ученичката:<br>Да ги дефинира антрополошките карактеристики на човекот;<br>- да ги објаснува примерите за антрополошките карактеристики;<br>- да ги објаснува специфичните законитости во развојот на антрополошките карактеристики;<br>- да објаснува и покажува примери на вежби за подобрување на способностите и особините;<br>- да ја прикажува структурата на процесот на обучување. | - антрополошки арактеристики<br>-генетика и антрополошките карактеристики на спортстите<br>-морфолошки карактеристики<br>-моторни способности<br>-моторни информации<br>-функционални способности<br>-когнитивни способности<br>-конативни особини<br>-социолошки карактеристики | антрополошки карактеристики,<br>моторика,<br>морфологија,<br>когнитивни,<br><br>конативни,<br>социолошки. | - објаснување на поимите поврзани со антрополошките карактеристики;<br>- низ разговори и дискусии учениците се поттикнуваат да размислуваат за антрополошките карактеристики и нивното значење за успехот на тениската игра;<br>- анализа на примери;<br>- прикажување на скици, слики и видео презентации |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализација на наставната програма по теоретските основи на тенис се препорачува да се применат соодветни дидактички принципи и методи погодни за реализирање на наставните содржини преку примена на работилници, мини проекти, презентации, вежби, дискусии и слично, притоа земајќи ги во предвид предзнаењата, потребите и интересите на учениците.

Наставни средства:

- прирачник за наставниците;
- учебник;
- други извори за учење;
- интернет, илустрирани списанија и сл.;
- аудиовизуелни средства.

.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на индивидуалните постигнувања, континуирано во текот на целата учебна година, преку прибирање податоци: усни и писмени, контролни тестови, како и покажаниот интерес, активност и креативност во текот на наставата.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата по предметот теоретски основи на ракометот се реализира, главно, во рамките на училиштето и училница - опремена со основни средства и помагала, согласно со Нормативот за наставен простор и опременост за стручна гимназија.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставниот предмет Теоретски основи на тенисот ќе го реализираат наставници со завршен факултет за Физичка култура (VII/1 степен на образование).

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- да може да наведе и толкува основни поими во тенисот;
- да ги дефинира теоретските аспекти во тенисот;
- да ја опише хронологијата за појавата и развојот на тенисот;
- да ги наведе и објасни правилата на тениската игра;
- да ги идентификува факторите од кој зависи успехот на тениската игра;
- да ја објасни суштината на техниката и тактиката на тенисот;

Изготвил: Работна група формирана со решение бр. 02-1690/1 од 04.05.2012 година
Координатор: Мустафа Алиу, советник, Биро за развој на образованието

Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по за наставниот предмет *теоретски основи на тенисот* за прва година за спортската гимназија (паралелка за тенис), на предлог на Бирото за развој на образованието, ја донесе

Министер,

м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4960/2
04.09 2012 год.
СКОПЈЕ